


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS

# ГОДИШЕН **ИЗВЕШТАЈ**

# 20 ГОДИНА 20

ЦАРИНСКА УПРАВА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ

СТРАТЕШКА МАПА

I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА 9

I.1. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА 9

I.2. СТАПИ НА СИЛА НОВИОТ ЗАКОН ЗА АКЦИЗИТЕ 9

I.3. НОВ ЗАКОН ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА 10

I.4. ЗГОЛЕМЕН ПРАГОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЦАРИНА НА МАЛИ ПРАТКИ 10

II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА 11

II.1. РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ 11

III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА 13

III.1 СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ 13

III.2 ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ 14

III.3. ИНТЕГРИТЕТ 16

III.4. НАГРАДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ 17

III.5. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА 18

IV. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА 19

IV.1 ИКТ ИНФРАСТРУКТУРА 19

IV.2 ИНТЕРНИ АКТИ ЗА ПОДДРШКА НА РАБОТЕЊЕТО 21

IV.3 ПОДДРШКА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ИКТ СИСТЕМИТЕ 21

IV.4 Е-ЦАРИНА 23

IV.5 ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ 24

V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ 26

V. 1 ЦАРИНСКАТА УПРАВА ПРЕТСЕДАВАЧ НА ПОТКОМИТЕТОТ ЗА ЦАРИНА И ПОТЕКЛО НА СТОКИ ВО РАМКИ НА ЦЕФТА 26

V.2. ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР - ОЕО 27

V.3 ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ 27

# СОДРЖИНА

VI. НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ ........ 28

VII. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ ........ 29

VII.1 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ........ 29

VII. 2 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 30

VII.3 МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ПРОЕКТИ ЗА КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ ........ 31

VII. 4 РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА НА ВЛЕЗ,ИЗЛЕЗ, ТРАНЗИТ И ВО ВНАТРЕШНОСТА ........ 31

VIII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА ........ 39

VIII.1 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ........ 39

VIII.2 ОТВОРЕНА ЦАРИНСКА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА (197) ........ 49



## ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ



*Почитувани,*

Изминатата 2020 година ќе остане запаметена како година во која целиот свет беше соочен со посебни предизвици и потешкотии предизвикани од пандемијата со КОВИД-19, кои резултираа со промени во секојдневниот живот на луѓето, начинот на извршување на работата и ограничувања во сите сфери на делување. Промените во економските текови во светот влијаеа и на состојбата во нашата земја, особено на полето на распределба на финансиите, а заштитата на граѓаните доби дополнителна димензија и значење.

За Царинската управа на Република Северна Македонија тоа значеше постојана подготвеност за следење на промените, флексибилност, брзи реакции и донесување на одлуки при извршување на својата традиционална функција и придржување кон својата мисија и визија. Наплатата на приходи, заштитата на општеството и граѓаните, олеснувањето на трговијата, а во исто време следењето на тековите на модернизација – остануваат наши стратешки приоритети, дури и ако тоа значи вложување на дополнителни напори на патот на остварување на целите кои водат кон исполнување на тие приоритети.

Иако во специјални услови, проектите и активностите кои започнаа во 2019 година, продолжија успешно да се извршуваат. Во јануари 2020 година стапи на сила новиот Закон за моторни возила кој всушност е прв донесен закон со еколошка компонента и резултира со намален број на увезени возила, но сепак со зголемени приходи. Односно, бројот на вкупно увезени возила е намален за 1/3 во споредба со 2019 година, а приходот е зголемен за над 55%. На овој начин еколошките возила станаа економски поисплатливи за набавка, што има директно влијание на увозот и користење на возила кои произведуваат пониска емисија на јаглерод диоксиод, односно кон намалување на загадувањето на воздухот, со цел да се обезбеди здрава животна средина, што е основен предуслов за квалитетен живот на сите граѓани. Исто така, од почетокот на 2020 година, целосно започна и примената на Законот за акцизи во електронска форма – акцизната декларација се пополнува со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа и се поднесува бесхартиено.

Изминатава година Царинската управа беше претседавач со Поткомитетот за царина и правила на потекло во рамки на ЦЕФТА, кој има големо влијание во олеснувањето на националната и прекуграничната трговија. Беше изработена амбициозна програма, примарно во насока на реализација на заложбите за олеснување на трговијата на сите вклучени страни во ЦЕФТА, но и во однос на прекуграничната соработка и трговија со земјите членки на Европската унија. Како претседавач со овој комитет на почетокот на месец март, поради новонастаната состојба со кризата предизвикана од пандемијата, Царинската управа, во соработка со сите органи и Министерства во Владата на Република Северна Македонија, направи исклучителни напори за одржување на економската активност со цел границите во регионот да останат отворени за проток на стока. Покрената беше иницијатива за воспоставување на т.н. „зелени коридори“ со што сите земји членки на ЦЕФТА се обврзаа да обезбедат 24 часовна работа на граничните премини за извоз и увоз на стоки во рамки на ЦЕФТА, како и на клучните гранични премини со Европската Унија, со приоритет за минување на осетлива стока, односно свежи земјоделски и прехранбени производи, лекови и медицинска опрема.




Република Северна Македонија преку Царинската управа е првата држава во ЦЕФТА која го започна процесот за меѓународно признавање на издадените одобренија за Овластен економски оператор (ОЕО) за царински поедноставувања. На крајот на 2020 година 17 трговски друштва имаат ОЕО одобренија. Взаемното признавање на ОЕО, како клучен чекор за зајакнување и заштита на меѓународната трговија преку намалувањето на контролите, овозможува побрз проток на стоката и приоритет при премин на границата, со минимум царински формалности на граничните премини.

Царинската управа останува партнер на деловната заедницата и сервис на граѓаните зашто постојано предлага и спроведува мерки за олеснување на трговијата, поддршка на е-трговијата и транспортот. Како одговорна институција, максимално се вложуваме во соработката со економските оператори, но и со другите владини институции кои се директно или индиректно вклучени во царинската постапка.

И покрај сите предизвици кои ги донесе изминатата 2020 година, Царинската управа спроведе низа конкретни мерки за олеснување на работата на сите учесници во царинските постапки. Како резултат на посветеноста на вработените во Царинската управа на сите нивоа останувaме лидери во дигиталното работење. Царинските постапки кои се реализираа на хартија сега се заменети со електронски постапки и од април 2020 година извозот од државата се врши целосно електронски и бесхартиено, а преку пилот проект активно се работи и на воведувањето на увозна царинска постапка без употреба на хартиени документи како прилог на царинската декларација.

Според статистичките податоците, вкупниот увоз во 2020 година е помал за 7% во однос на истиот период минатата година, додека намалувањето на извозот е за 11%. Земајќи ја предвид исклучително лошата економска состојба во светот предизвикана од глобалната пандемија, овие бројки претставуваат солидни резултати, за кои се вложени исклучителни напори од Владата на Република Северна Македонија и Царинската управа.

Во мај 2020 година, од страна на Владата, Царинската управа беше назначена за носител и главен координатор на проектот за Новиот национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW) во државава, чии корисници ќе бидат Царинската управа, другите владини институции и бизнис заедницата. Со воведување на овој систем ќе се интегрираат националните ИКТ системи кои се користат во Царинската управа, односно ќе се изврши интеграција и со системите на другите владини институции и ќе се обезбеди единствена точка – прозорец за користење на услугите од страна на економските оператори. Во следните неколку години ќе се развива и имплементира и компонентата за Олеснување на меѓугранична трговија на стоки од Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, финансиран со заем од Светска Банка.

Во годината која следи продолжуваме да се надоградуваме со цел да останеме високо позиционирани при исполнување на поставената визија да бидеме водечка царинска управа во регионот преку надградување на ИКТ капацитетите, унапредување на царинските контроли и на инфраструктурата на граничните премини.



Во насока на интеграција со ЕУ, а со цел поврзување со Заедничкиот регионален пазар, Царинската управа изработи повеќегодишна стратегија за ИКТ развој, со што продолжува со техничка подготовка и имплементација на ИКТ системи кои ќе бидат компатибилни и интероперабилни со системите на ЕУ. Приоритет за имплементација има новата верзија на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС фаза 5), согласно најновата регулатива и стандарди на ЕУ.

Започната е изработка на проектна документација за реконструкција и опремување на граничните премини Деве Баир, Ќафасан, Делчево, како и за новиот граничен премин Маркова Нога во преспанскиот регион, со што ќе се направи еден вид на стандардизација на граничните премини во поглед на инфраструктурната поставеност и начинот на функционирање. Тоа дополнително ќе придонесе за намалување на времето на чекање при премин на границите, побрзо транзитирање на стока и патници и намалување на трошоците за економските оператори.

Трудот и заедничката работа на сите царински службеници резултираа со воспоставување на успешна и одржлива работна средина и заедничко изнаоѓање на решенија за справување со кризата предизвикана од пандемијата. Царинските службеници на граничните премини посветено работеа и во отежнати услови со цел да се обезбеди непрекинатост во меѓународниот синџир на снабдување.

Царинската управа ќе продолжи со транспарентност и насочување на своите ресурси кон поддршка на легалната трговија и конкурентност, подобрување на меѓуинституционалната соработка и ќе ги надградува своите капацитети и знаења во насока на интергација кон ЕУ и заштита на добросостојбата и здравјето на граѓаните.

Ви го честитам 14ти Април, Денот на Царинската управа!

*в.д. Директор*
*Горан Сугарески*

## СТРАТЕШКА МАПА НА ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ВИЗИЈА

**Да бидеме водечка Царинска управа во регионот што ќе дава силна поддршка на легалната економија и која ќе биде целосно усогласена со стандардите на Европската Унија**

### ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА

* Усогласување со Европската унија
* Олеснување и забрзување на протокот на стоки и патници
* Едноставни и предвидливи процедури и формалности
* Пристап ориентиран кон клиентот и партнерства

### ЗАШТИТА НА ОПШТЕСТВОТО

* Ефективни и ефикасни контроли
* Зајакнување во областа забрани и ограничувања
* Зајакнување на борбата против царински измами и криминалот
* Одржливи меѓународни односи за сигурен синџир на набавки

### НАПЛАТА НА ПРИХОДИ И ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ

* Ефикасна наплата на приходи
* Подобрување на системот за управување со акцизи
* Зајакнување во областа на вредност, тарифа и потекло

### ЗАШТИТА НА ОПШТЕСТВОТО

* Зајакнување на човечки ресурси
* Спречување на несоодветно однесување и конфликт на интереси
* ИКТ развој
* Подобрување на работните процеси
* Ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии
* Транспарентност

### МИСИЈА

**Да ги заштитиме финансиските интереси и општеството, истовремено поддржувајќи го економскиот развој преку соработка, олеснување и модернизација.**

# I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Своето работење Царинската управа го регулира врз основа на повеќе законски прописи и регулативи. Со цел натамошно поедноставување на царинските постапки, зголемување на конкурентноста на домашната економија и намалување на трошоците на економските оператори, како и усогласување на царинските закони и прописи со законодавството на Европската унија, во текот на 2020 година се донесени измени и дополнувања на повеќе законски и подзаконски акти.




## I.1. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

За полесно справување на економските оператори со светската пандемија со Ковид Сарс-2, во време на вонредната состојба Царинската управа донесе подзаконски акти за укинување на увозната давачка – царинска стапка за медицински потрошен материјал.

Во текот на 2020 година донесени се и повеќе подзаконски акти за намалување на увозната давачка – царинска стапка на одредени стратешки стоки наменети како суровини за домашните производители.

Објавена е Одлука за предвремена примена на Спогодба за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија, со која се овозможи примена на преференцијален третман за стоките со потекло во трговските односи помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија

## I.2 СТАПИ НА СИЛА НОВИОТ ЗАКОН ЗА АКЦИЗИТЕ

Од почетокот на 2020 година, целосно започна примената на Законот за акцизи во електронска форма, односно акцизната декларација се пополнува со користење на компјутерскиот систем на Царинската управа и се поднесува бесхартиено.

## I.3 НОВ ЗАКОН ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА



Новиот Закон за моторни возила е прв донесен закон со еколошка компонента кој резултира со намален број на увезени возила, но сепак со зголемени приходи. Бројот на вкупно увезени возила е намален за 1/3 од лани, а приходот е зголемен за над 55% во однос на 2019. На овој начин еколошките возила станаа економски поисплатлови за набавка, со што имаме директен импакт на увозот и користење на возила кои произведуваат пониска емисија на јаглерод диоксиод, односно кон намалување на загадувањето на воздухот со цел да се обезбеди здрава животна средина, што е основен предуслов за квалитетен живот на сите граѓани.

## I.4 ЗГОЛЕМЕН ПРАГОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЦАРИНА НА МАЛИ ПРАТКИ

Со цел да се зголеми обемот на е-трговија во земјава, а по препораки на Европската комисија, од јануари 2020 година почна да се применува изменетата Уредба за поблиски критериуми и начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од давачки каде се изврши промена на висината на износот за стока со мала вредност од 45 на 90 ЕУР.



# II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

## II.1. РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ

### II.1.1. ЦАРИНА 2020 – ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Во март 2020 година се потпиша новиот Грант договор за 2020 година, за фискалната 2020 година (1.4.2020-31.3.2021).
Програмата се имплементира континуирано во текот на целата година преку учество на видеоконференциски состаноци.

### II.1.2. ПРОЕКТИ

**ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ**

**Подобрување на наплатата на приходите и даночните и царинските прописи**
- твининг проект финансиран од ИПА 2
- траење од 36 месеци (почеток јануари 2020 година)
- вредност – 3,5 милиони евра
- се спроведува преку 4 компоненти (Министерство за финансии, Управа за јавни приходи и Царинска управа).

**Подобрување на квалитетот на царинските контроли и борба против измами и недозволена трговија со стока**
- набавка на опрема финансирана од ИПА 2
- вредност – 2 милиони евра
- мобилен скенер за товарни возила и возила за превоз на царински кучиња.

**Обезбедување на континуитет на деловните процеси во Царинската управа и зачувување на податоците преку консолидација на ИКТ системите и воспоставување на заеднички Податочен центар во случај на криза и природни непогоди („Disaster Recovery Centre")**
- набавка на опрема финансирана од ИПА 2
- опрема за воспоставување на податочниот центар.

**Regional Economic Development, Governance and Enterprise Growth (EDGE) Project**
- Грант финансиран од USAID
- вредност – 100 илјади американски долари
- набавка на опрема за контроли за граничен премин Ќафасан-Кафтане, стручен консултант, обуки и студиски посети за вработени од македонската и албанската царинска управа

**2020 Customs Modernization Consulting Project for North Macedonia**
- грант средства од Владата на Јужна Кореја
- вредност – 700 илјади евра
- поддршка во градењето на капацитетите на македонската Царинска управа, во делот на брзите пратки, откривањето на нелегалните финансиски текови и анализа на ризик во е-трговија (спроведени работилници, студиски посети и разговори за подобро разбирање на царинските постапки во Јужна Кореја со цел да се предложат најдобри решенија за подобрување и модернизација на царинското работење)

**Развој на гранична инфраструктура помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција**
- Програма IPA за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020
- Вредност – 700.000 евра
- Се спроведува во соработка со Министерството за внатрешни работи
- Подобрување на патните гранични премини кон Република Грција – Богородица и Дојран (поставување на сообраќајна светлосна сигнализација на граничните премини Богородица и Дојран и набавка на колска вага за мерење на ТМВ на излез од државата, нова дигалка за моторни возила во гаражата за детални прегледи на ПМВ и опрема за детектирање на скриена стока)

**Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан**
- Набавка нов Национален едношалтерски систем
- Податочен склад (Data warehouse – Business Intelligence System (DWH – BI))
- Набавка на систем за видео надзор, интегриран со систем за автоматско распознавање на регистарски таблички
- Реконструкција на граничен премин Ќафасан
- Реконструкција на граничен премин Деве Баир
- Заем финансиран од Светска банка
- Вредност – 9.670.000 УСД

## ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**Имплементација на ИТ системот НКТС фаза 5** – Надградба на Новиот компјутеризииран транзитен систем со цел исполнување на условите за поврзување на транзитната постапка со ЕУ. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година;

**Имплементација на ИТ системот EORI и IAM** – Имплементација на системи за олеснување на работата на економските оператори и поедноставување на пристапот – системи согласно MASP на ЕУ. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година;

**Изградба и реконструкција на ГП Делчево** – Реконструкција на постоечки објекти и изградба на нови на граничниот премин Делчево, и проширување на преминот со нови ленти – модернизација на преминот по европски стандарди. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година.

**Имплементација на ИТ систем за Секторот за контрола истраги** – систем за евиденција и следење на активностите за контрола и истраги, со цел подобрување на резултатите во борбата против организираниот криминал. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година.

**Набавка на опрема за контрола и истраги** – Во рамките на оваа набавка е планирано да се набаваат детектори за дрога и уреди за форензичко истражување – со цел подобрување на резултатите во борбата против организираниот криминал. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година.

**Изградба на Граничен премин „Маркова Нога" на границата со Република Грција.** Проектот вклучува целосна изградба на нов граничен премин во регионот Преспа, согласно потпишаната спогодба со Република Грција. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година, но започнувањето со реализација е во директна поврзаност со одлука на Комисијата за формирање на нови гранични премини.

# III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Царинската управа и во текот на 2020 година континуирано инвестира во унапредување и развој на менаџментот со човечки ресурси, сметајќи ги човечките ресурси за движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ и унапредување на ефикасноста на работата на институцијата.

## III.1. СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ




### ВРАБОТЕНИ СПОРЕД СТРУЧНА ПОДГОТОВКА

Од вкупниот број вработени во Царинска управа 56,98% се со високо образование.



Во 2020 година донесени се следните акти и регулативи во врска со управување со човечките ресурси:

- Колективен договор на Царинска управа
- Стратегија за управување со човечки ресурси во Царинска управа 2020-2022 година со Акционен план 2020-2022 година;
- Процедура за спроведување на дисциплински постапки (трето издание)
- Правила за ред и дисциплина;
- Кодекс на однесување на царинските службеници и
- Правилник за службени легитимации.

## III.2. ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

Во 2020 година, беа спроведени 104 активности за стручно оспособување на царинските службеници со вкупно 1.189 учесници. Во просек секој учесник има следено обука во траење од околу 7,19 часа. Во просек за секој вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување со просечно времетраење од 7,30 часа.



Во 2020 година, беа спроведени 104 активности за стручно оспособување на царинските службеници со вкупно 1.189 учесници



Во просек секој учесник има следено обука во траење од околу 7,19 часа.



Во просек за секој вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување со просечно времетраење од 7,30 часа.



## Позначајни одржани обуки во 2020 година:

- Контрола на супстанции, смеси и опрема контролирани од Монтреалскиот протокол за супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка – со цел запознавање со улогата и заштитата на озонската обвивка, Монтреалскиот протокол и национална легислатива, популарни начини на криумчарење на супстанции и смеси контролирани со Монтреалскиот протокол и контрола на увозот/извозот на супстанциите, идентификација на супстанциите/смесите на лице место/контролна листа за проверка на производи/опрема што содржи супстанции и/или смеси контролирани од Монтреалскиот протокол;

- Борба против тероризмот преку зголемување на свеста за гранично разузнавање – со цел споделување на британското полициско искуство и пракса во борбата против тероризмот со македонските царински и полициски службеници и безбедносните служби кои работат на меѓународните гранични премини;

- Трансферни цени – со цел унапредување на знаењата на царинските и даночни службеници за информациите содржани во документацијата за трансферни цени;

- Усогласување на Царинскиот закон со Царинскиот закон на Унијата;

- Техники за водење на интервју – со цел подготовка на упатство водич за водење на интервју;

- Модели за деловни процеси – со цел на учесниците да им се презентира како да ги користат моделите за деловни процеси како што се применуваат во царинската унија на ЕУ, основните цели на моделите за деловни процеси, методологијата и како да се користи моделот на царински податоци на ЕУ;

- Подготовка на национални технички спецификации на ЕУ – задолжителните ИТ-системи – со цел зајакнување на капацитетот на Царинската управа за NCTS Фаза 5 во создавање деловен концепт;

- Подготовка на извештаи за тековната нормативна рамка на гаранции за царински долг и отпис на ненаплатени побарувања – со цел да се развијат дискусии и соработка на работилници помеѓу национални и меѓународни експерти;

- Хармонизиран систем и распоредување на стока – со цел унапредување на знаењата на царинските службеници за распоредување, особено за стока што се распоредува во Гл. 84, 85 и 90, и примена на правилата за распоредување;

- Идентификација на производи од различни трговски марки – со цел учесниците да можат да идентификуваат производи од брендовите („Adidas", „Reebok", „Canon", „Bavaria" и др.);

- Работилница која ги покрива основните аспекти поврзани со работата на меѓуресорската група (Полиција и Царина) – со цел на учесниците да им биде претставена работата на меѓународните организации за спречување на шверц како што се UNODC-WCO CCP  и UNODC-WCO-INTERPOL AIRCOP

- Основна обука за царински службеници – за 28 нововработени чие одржување започна во декември 2020 година и истата ќе се реализира до април 2021 година;

- Во 2020 година се одржаа дополнителни обуки за 254 царински застапници. Поради прогласената пандемија овие обуки се одржаа далечински за 4 групи на царински застапници. Царинската управа дополнителните обуки ги организира еднаш на две години.

## III.3. ИНТЕГРИТЕТ

Градењето и унапредувањето на интегритетот на Царинската управа и царинскиот службеник се најголем приоритет на нашата институција. Со имплементирање на политиките, стандардите и процедурите кои се дел од системот на интегритет, се зајакнува нејзината отопорност кон корупцијата и другите видови на злоупотреба на службената должност на царинските службеници.

Врз основа на планот на активности, применете поплаки кои се однесуваат на незаконско и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197, како и врз основа на информациите што ги доставуваат непосредно раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа, спроведени се 84 внатрешни истраги и 48 внатрешни контроли при што се констатирани 56 неправилности во постапувањето на царинските службеници.

Број на спроведени внатрешни истраги и контроли по организациски единици

**Број на спроведени внатрешни истраги по организациски единици:**

- Централна управа: 3
- Царинарница Скопје: 33
- Царинарница Куманово: 23
- Царинарница Штип: 1
- Царинарница Гевгелија: 15
- Царинарница Битола: 9
- Вкупно: 84

**Број на спроведени внатрешни контроли по организациски единици:**

- Централна управа: 7
- Царинарница Скопје: 12
- Царинарница Куманово: 5
- Царинарница Штип: 5
- Царинарница Гевгелија: 8
- Царинарница Битола: 11
- Вкупно: 48

Преку отворената царинска телефонска линија (197) примени се 53 поплаки и 2 on-line пријави за незаконско, непрофесионално и коруптивно однесување на царинските службеници, пристигнати преку сервисот за пријавување на корупција на Интернет страницата на Царинската управа.




Со дистрибуција на брошури и плакати Царинската управа трета година по ред ја спроведува промотивната кампања „Стоп за корупцијата“ која има за цел подигнување на јавната свест за пријавување случаи на корупција, судир на интереси и злоупотреба на службената должност на царинските службеници, како и укажување на штетните последици кои ги предизвикуваат овие незаконски појави.

Од донесувањето на Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата на Царинската управа за период од 2019-2022 година со Акциски план, за една година целосно реализирани се 37% од предвидените активности, делумно реализирани се 26%, а во тек на реализација се 11%.

## III.4. НАГРАДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ

Донесени се 4 решенија со кое на царински службеници им се утврдени основни плати во зголемен износ од 15%, поради тоа што работата ја извршиле со особен успех и квалитет.
Донесени се 6 решенија за доделување парична награда согласно Правилникот за системот на наградување на царински службеници.

Извршени се вкупно 37 унапредувања

**Во Централна управа се унапредени 15 царински службеници:**

- 2 царински службеници на работно место началник
- 4 царински службеници на работно место самостоен советник
- 4 царински службеници на работно место советник во управа
- 1 царински службеник на работно место главен инспектор
- 1 царински службеник на работно место виш инспектор
- 1 царински службеник на работно место оператор
- 2 царински службеници на работно место административен оператор

**Во царинарниците се унапредени 22 царински службеници:**

- 2 царински службеници на работно место шеф на царинска испостава
- 6 царински службеници на работно место водач на смена
- 5 царински службеници на работно место водител на смена
- 3 царински службеници на работно место виш цариник контролор
- 3 царински службеници на работно место самостоен советник
- 1 царински службеник на работно место виш цариник
- 2 царински службеници на работно место цариник

## III.5. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА



# IV. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА




## IV.1. ИКТ ИНФРАСТРУКТУРА

Во текот на 2020 година Секторот за ИКТ беше интензивно вклучен во активностите за развој и унапредување на тековните ИКТ системи.

Започна со работа новиот Управувачки комитет за имплементација на Програмата „еЦарина“, преку кој се следи и координира напредокот на проектите за унапредување на следните системи: Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), Еднoшалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки (EXIM), Интегрираната тарифна околина (ИТО) и Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), а од октомври 2020 година и Проектот за развој и имплементација на нов Национален еднoшалтерски систем (National Single Window – NSW). Овие проекти се опфатени и во Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ за имплементација на еЦарина (MASP) и нивната усогласување и имплементација е еден од условите за нивна интероперабилност и интерконективност со Европските царински системи.

Во текот на 2020 година Секторот за ИКТ воспостави соодветна динамика на работа на Комитетот за управување со животен циклус на апликации (КУЖЦА), при што беа формирани 8 работни групи со членови од надлежни организациони единици, кои ги подготвија следните предлог проектни документи (ППДа) за унапредување на тековни и изработка на нови софтверски апикации и тоа за:




Работните групи во 2020 година ги подготвија и техничките спецификации (ТС) за изработка на новиот НКТС – фаза 5 систем, ТС за нов Царински портал, ТС за Унапредување на СОЦДАД и ИИС системите.
При изработката на овие спецификации се применуваа препораките и искуствата разменети со колегите од хрватската и австриската царинска администрација, во рамките на 11 работилници одржани преку твининг проектот за зајакнување на административниот капацитет на Царинската управа, финасиран преку ИПА ЕУ фондови, координиран од Делегацијата на ЕУ, а на кои учествуваа вработените од Секторот за ИКТ.
Во делот на унапредување на ИКТ инфраструктурата извршена е целосна консолидација на четирите ИКТ системи (СОЦДАД, ИТО, EXIM, НКТС) со нивна миграција на нова хардверска платформа. Исто така завршена е виртуелизацијата на сите физички сервери за системот АСИКУДА стари повеќе од 20 години.
Во текот на 2020 година беше подготвена техничка спецификација и се избра изведувач за набавка на ИКТ опрема и системски софтвер за надградба на ИКТ инфраструктурата на примарната локација на податочниот центар на Царинската управа и ИКТ инфраструктура за воспоставување на доверлив компјутерско-податочен центар на оддалечена локација („Disaster Recovery“).

## IV.2. ИНТЕРНИ АКТИ ЗА ПОДДРШКА НА РАБОТЕЊЕТО

Во 2020 година се подготвени нови и донесени се измени и дополнувања на следните интерни акти во надлежност на Секторот за ИКТ:

- Упатство за евиденција на ИКТ основни средства во Царинската управа;
- Прирачник за условите и правилата за пристап на економските оператори во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи;
- Технички инструкции и напатствија за пристап и управување со корисниците во СОЦДАД;
- Упатство за управување со пристапот на внатрешните корисници во ИКТ системите на Царинската управа;
- Корисничко упатство за користење на модулот УМС.

Подготовена е Стратегија за развој на ИКТ на Царинска управа за период 2021-2025 година и Акционен план за интерконективност и интероперабилност на Царинската управа со системите на ЕУ (2021-2023) во кои се планирани да се реализираат проектите од првата фаза од Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ за имплементација на еЦарина. Развојот на овие ИКТ системи и нивната имплементација се услов за пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ.

## IV.3. ПОДДРШКА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ИКТ СИСТЕМИТЕ

За одржување на непрекинатост на ИКТ системите решени се 12.996 инциденти, сервисни побарувања и бизнис проблеми пристигнати на Сервисниот деск на Царинската управа. Од нив 288 инциденти и сервисни побарувања се однесуваат на хардверска опрема и мрежни проблеми, додека 12.708 барања се однесуваат на софтверски и бизнис проблеми.
Од аспект на поддршка на софтверските апликации во текот на 2020 година најмногу побарувања (6.072) се решени за СОЦДАД системот. Структурата на решени побарувања за поголемите апликации е дадена во следната табела:




Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во текот на 2020 година изнесуваше 99%.

Во март 2020, веднаш по започнување на пандемијата, Секторт за ИКТ воспостави алатки за видео-конференциска соработка и обезбеди континуирана подршка на вработените за реализација на тековните активости преку овие алатки.



Во периодот од 1 јуни до 31 декември и покрај специфичноста на условите за работа, во Царинската управа се одржани 350 состаноци, работилници и обуки со вкупно 1.900 учесници, преку платформата „Cisco Webex“ и „Microsoft Teams“.

## IV.4. Е-ЦАРИНА

### IV.4.1. СОФТВЕР ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И АКЦИЗНИ ДОКУМЕНТИ - СОЦДАД



Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) е пуштен во продукција за извозни постапки на 3 јуни 2019 година. Овој систем, кој го замени системот ASYCUDA, обезбедува интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системи на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, како и подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.
Во 2020 година продолжија активностите за унапредување на функционалностите на СОЦДАД.

### IV.4.2. ИНТЕГРИРАНА ТАРИФНА ОКОЛИНА (ИТО)

Во 2020 година се продолжи со активностите за унапредување на Интегрирана тарифна околина – ИТО системот. Активностите кои се преземени во овој период се однесуваат на надминување на проблеми во новиот модул за управување со тарифни квоти, надминување на проблеми со интерфејсот помеѓу ИТО и СОЦДАД, анализа и подготовка на спецификација за надградба на модулот за Задолжителна тарифна информација и отстранување на недостатоците на прикажување на интеграција на националните подброеви.

## IV.5. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ

### IV.5.1. EXIM



Преку Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – EXIM регистрираните економски оператори преку 12 (од 17 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, можат да аплицираат за 59 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи.

Во 2020 година е развиен нов модул во рамки на EXIM системот кој служи за евиденција на заболени лица од Ковид-19 и нивните контакти, согласно потребите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ), а во тесна соработка со Царинската управа. Податоците од EXIM системот се преземаат од системот „РААВИО“ за автоматско следење и стопирање на лица кои се обидуваат да излезат преку аеродромите од државата, а кои во случајот имаат решение за изолација.

Во 2020 година интензивно се работеше на развој на веб сервиси со кои ќе се овозможи поврзување и размена на податоци помеѓу EXIM и Системот за водење на регистар на оружје на Министерството за внатрешни работи. Размената на податоци помеѓу системите на двете институции ќе се одвива преку Системот за интероперабилност.

## IV.5.2. НКТС

Во рамките на проектот за унапредување на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) завршен е развојот и пуштен е во примена еТИР, кој досега се евидентираше во стариот АСИКУДА систем.
Со цел обезбедување на поефикасни контроли, подготвен е нов модул за следење на акцизните стоки кои транзитираат низ државата, чија што примена започна од 1 јануари 2021 година.

# V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и воведување на нови можости за олеснување и забрзување на царинските постапки и условите за нивно спроведување, со поддршка од информатичка и комуникациска технологија.

## V.1. ЦАРИНСКАТА УПРАВА ПРЕТСЕДАВАЧ НА ПОТКОМИТЕТОТ ЗА ЦАРИНА И ПОТЕКЛО НА СТОКИ ВО РАМКИ НА ЦЕФТА

Во текот на 2020 година  Република Северна Македонија преку Царинската управа беше претседавач на ЦЕФТА поткомитетот за царини и потекло на стоки. Во рамки на претседателството, Царинската управа изработи амбициозна програма во насока на олеснување на трговијата помеѓу ЦЕФТА страните и за време на своето претседателство се одржаа два состаноци на поткомитетот, 19ти и 20ти. CEFTA (Central European Free Trade Agreement) е договор за слободна трговија помеѓу земјите од Централна Европа кои не се членки на ЕУ. Покрај Република Северна Македонија, членки на ЦЕФТА се и Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Србија и Косово.

Главна цел на Република Северна Македонија како претседавач со Поткомитетот на ЦЕФТА беше олеснување на трговијата на стоки: решавање на прашањата кои се поврзани со регионалната трговија со ЦЕФТА и следење на спроведувањето на АП5, да се посвети внимание на примената на Стратегијата за управување со царински ризик ЦЕФТА 2020-2024 и проширување на делокругот, да се поддржат активностите поврзани со преглед на барањата и документацијата за увоз, извоз и транзит односно претседавачот ќе ги поддржи и поттикне страните да ги олеснат активностите поврзани со транзитот, особено кога станува збор за транспарентност, промовирање на дијалогот на приватниот и јавниот сектор во ЦЕФТА, односно да се зајакне комуникацијата со приватниот сектор, да се подобри дистрибуирањето и објавувањето на информации преку социјалните мрежи во врска со постапките на структурите на ЦЕФТА, постигнатите резултати и придобивки, и да се бара активно мислење на приватниот сектор во користење на соодветни платформи, да се даде целосна поддршка на тесна соработка со Поткомитетот за земјоделство и СПС и Поткомитетот за нетарифни мерки со програмите за взаемно признавање и кое било друго прашање од заеднички интерес што може да се идентификува.

Со цел интегрирање на ЦЕФТА на пазарот на ЕУ се вложија максимални напори за да започне примената на заемно признавање на АЕО меѓу членките на ЦЕФТА,  ЕУ и ЕФТА.

Интензивно се започна да се обезбеди усогласување на развојот и регулативите со законодавството на ЕУ за примена на Е-трговијата бидејќи тоа целосно ја промени перцепцијата за трговијата во меѓународната трговска арена.

Исто така се отвори расправа за примена на ревидираната Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила (Преодна ПЕМ Конвенција), како и разгледување на можностите за проширување на кумулацијата на потекло со измени на договорите за слободна трговија со Европската унија, Европската асоцијација за слободна трговија (EFTA) и Турција.

Особено осврт се даде и за последиците по кумулација на потекло како резултат на излегувањето на Обединетото Кралство од Европската унија, взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор, унапредени функции на Системот за Систематска електронска размена на податоци (Systematic Electronic Exchange od Data - SEED) и донесување на Одлука за разме-

на на податоци во реално време.

Водени од визијата да бидеме водечка Царинска управа во регионот, на почетокот на месец март, кога сите бевме погодени и под притисок поради новонастанатата ситуација со корона кризата во соработка со сите органи и Министерства во Владата на Република Северна Македонија уште еднаш направивме исклучителни напори за одржување на економската активност, а со цел границите во регионот да се останат отворени. Како претседавачи со Поткомитетот за царина и потекло на стоки во рамки на ЦЕФТА покрената беше иницијатива и воспоставени беа т.н. зелени коридори, каде сите земји членки на ЦЕФТА се обврзаа да обезбедат 24 часовна работа на граничните премини за извоз и увоз на стоки во рамки на ЦЕФТА регионот, како и на клучните гранични премини со Европската Унија, со приоритет за минување на свежите земјоделски и прехранбени производи, лековите и медицинската опрема.

Во исцрпното продлабочено разгледување на постигнатиот напредок, тековните активности и предизвиците кои се пројавуваат и ќе претстојат во иднина, се презентираа и следните чекори за проширена примена на „зелените коридори“ кон границите на ЕУ.

## V.2 ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР - ОЕО

Република Северна Македонија преку Царинската управа е првата држава во ЦЕФТА која го започна процесот за меѓународно признавање на издадените одобренија за Овластен економски оператор (ОЕО) за царински поедноставувања. Моментално 17 трговски друштва имаат ОЕО одобрение, што претставува раст на бројот на издадени одобренија за овластен економски оператор. Взаемното признавање на ОЕО како клучен чекор за зајакнување и заштита на меѓународната трговија, преку намалувањето на контролите овозможува побрз проток на стоката и нивен приоритет на т.н. Зелени ленти секаде низ регионот.

## V.3. ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ

Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока обезбедуваат единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација со која е започната транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата.




Заклучно со декември 2020 година издадени се вкупно 151 одобрение на економските оператори со кои им се овозможува пристап кон НКТС и 75 одобренија на главните обврзници за користење на банкарска гаранција во заедничката транзитна постапка.

# VI. НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ



# VII. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ



Контрола на примената на законите во Царинската управа подразбира спроведување гранична и внатрешна ефективна контрола со цел заштита на финансиските интереси на државата, заштита на домашните и државјаните на ЕУ преку царински и безбедносни контроли кои се засноваат на анализа на ризик поддржани од разузнавање, информации пред пристигнување и техники на селективност и олеснување на легитимниот проток на патници и стока.

## VII.1. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Управувањето со ризици претставува основно средство за спроведување на царинска контрола со цел поблиско профилирање и селектирање на таргетите, без непотребно одолговлекување и оптоварување на легалната трговија, поради што оваа област е предмет на перманентно уредување и унапредување од страна на Царинската управа.
Во областа на управувањето со ризиците, продолжено е со активности за утврдување и профилирање на ризици и начинот на вршење царински надзор, во согласност со специфичностите на секоја царинска постапка и вид на транспорт.
Во 2020 година беа изготвени или ревидирани поголем број на критериуми на ризик, согласно добиените податоци и информации, како и согласно актуелните текови во меѓународната трговија и измените во регулативата, а со цел олеснување на трговијата, со истовремено зголемување на сигурноста и безбедноста, односно таргетирање на пратки со повисок ризик.

Како континуитет на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети на Царинската управа", а поради обезбедување на усогласеност со стандардите на Европската Унија во делот на управување со ризиците, започната е подготовка за имплементација на препораките од проектот, со ажурирање на интерните упатства и процедури.

Во рамки на работната група за подготовка на Предлог проектен документ и Техничка спецификација за развој на Систем за контроли и истраги беа утврдени чекорите за реализација на активностите и вклучување на сите аспекти и прашања поврзани со спроведувањето на контролните активности и резултатите од истите на сите нивоа.

Во рамки на Проектот „Консултација за модернизација на Царинската управа на Република Северна Македонија", во делот на управување со ризици, одржани се поголем број на работилници кои ќе резултираат со препораки за унапредување на царинските процеси, обезбедување на подобри услуги за македонските претпријатија, како и зголемување на националната безбедност преку подобра контрола врз меѓународното движење на стока и патници.

## VII.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Континуирана блиска соработка и размена на информации со:
Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Косово, Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора;
ZKA , OLAF , SELEC и RILO , WCO , UNODC , EUROPOL , INTERPOL

[1]ZKA – Zollkriminalamt (Германската служба за царински криминал)
[2]OLAF – European Anti-Fraud Office (Европска канцеларија за борба против измами)
[3]SELEC – Southeast European Law Enforcement Center (Центар за спроведување на законот во Југоисточна Европа)
[4]RILO – Regional Intelligence Liaison Office (Регионална канцеларија за разузнавање)
[5]WCO – World Customs Organizations (Светска царинска организација)
[6]UNODC – United Nations Office on Drugs and Crime (Канцеларија на Обединети нации за дрога и криминал)
[7]EUROPOL – The European Union Agency for Law Enforcement Cooperation (Европската полициска агенција)
[8]INTERPOL – The International Criminal Police Organization (Меѓународна организација за криминалистичка полиција)

Учество во 14 меѓународни операции организирани и поддржани од СЦО, OLAF, Interpol, Europol, CITEC секретаријатот, SELEC и други, фокусирани на борба против нелегална трговија и криумчарење на хемикалии, експлозивни направи, диви животни, фалсификувани лекови, супстандардни прехранбени производи и пијалоци, диви животни, растенија, разна стока која повредува права од интелектуална сопственост, опасен отпад и сите други видови на отпад, супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, оружје, делови за оружје, муниција, дрога, културни добра, откривање и спречување на криминалот поврзан со шумите, итн.

## VII.3. МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ПРОЕКТИ ЗА КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Во рамки на претседавањето со Подкомитетот за царина и правила на потекло на ЦЕФТА, во работната програма за 2020 година вклучени се активности за имплементација на регионалната стратегија за управување со ризици 2020-2024 и унапредување на системот за размена на податоци СЕЕД, како и иницијални активности за воспоставување на заеднички профили на ризик во овој систем.

## VII.4. РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА НА ВЛЕЗ, ИЗЛЕЗ, ТРАНЗИТ И ВО ВНАТРЕШНОСТА

Во сите царински испостави, царинската контрола се спроведува врз база на селективност, по претходно утврдени критериуми на ризик. Истите се поставуваат по идентификација на ризиците, извршена анализа на добиени информации од организациони единици од Царинската управа, владините агенции, приватниот сектор и слободно достапните информации. Воедно се следат и анализираат современи трендови во трговијата и начини на избегнување на плаќање на давачки и загрозување на безбедноста на населението. Со континуирано собирање на информации се ажурираат и ризичните индикатори на поединечните критериуми на ризик.

[9]CITEC – The Convention on International Trade in Endangered Species of Wild Fauna and Flora (Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора)

Во текот на 2020 година:

## VII.4.1. ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ НА НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО:

### НАРКОТИЧКИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ



Во 2020 година, спречени се 3 обиди на шверц на околу 5 килограми хероин, 0,4 грама хероин и 20 кубни единици метадон.

*Во соработка со Министерството за внатрешни работи, спречен е обид на шверц на околу 5 килограми хероин. Дрогата, спакувана во 10 пакувања, е пронајдена во специјално подготвени бункери во поткрилата на патничко моторно возило марка BMW, со македонски регистарски таблички, управувано од македонски државјанин.*

### НЕЛЕГАЛЕН ПРЕНОС НА ГОТОВИ ПАРИ И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Во 2020 година спречени се 10 обиди на шверц на девизи и тоа 107.200 евра.

*На граничниот премин Табановце при излез од државата откриени се и одземени 20.000 евра.*



### НЕОВЛАСТЕНО ТРГУВАЊЕ СО ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА



Во 2020 година спречени се 3 обиди на шверц на 1.610 пакетчиња лекови и 17.750 таблети за птици

*При контрола на товарно моторно возило со скопски регистарски ознаки, управувано од македонски државјанин, извршена на патниот правец Дојран-Граничен премин Дојран од страна на Одделението за оперативни работи, во картонска кутија обвиткана со вреќа за спиење сместена под креветот во кабината на возилото, се пронајдени 247 пакетичиња лекови и 1.200 парчиња медицински игли.*



*При контрола на косовски автомобил, управуван од турски државјанин, на Граничниот премин Табановце автопат, мобилните цирински тимови под возачкото седиште и во личниот багаж пронајдоа непријавени лекови – 2.468 таблети, 124 капсули и 5 креми.*

## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ




Во 2020 година спречени се 8 обиди на шверц на 1.435 парчиња, 586 килограми прехранбени производи, 54.000 капсули додатоци на исхрана, 195 литри сирупи за слабеење, 19 килограми додатоци за исхрана, 48 килограми кафе и 213 килограми храна за животни.

*При контрола на стока со потекло од Република Турција, наменета за увозник од Гостивар, пријавена за увозно царинење во Царинската испостава Тетово, пронајдени се непријавени 469 килограми локум, 67 килограми прехранбен лепак, 5 килограми прехранбена боја, 7 килограми пишманија и 13 килограми алва.*

*При контрола на македонско патничко комбе, управувано од македонски државјанин, на Граничниот премин Табановце автопат, мобилните царински тимови, во картонски кутии и ќеси во багажникот на возилото помеѓу патните торби, пронајдоа непријавени 219 килограми храна за мачки и кучиња.*



## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ЦИГАРИ И ДРУГИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ




Во 2020 година во 6 случаи спречен е обиди на шверц на 64.350 парчиња цигари и 114 килограми тутун.

*Во 2 акции на Царинската управа во соработка со Државниот пазарен инспекторат, спроведени во малопродажни објеки и зелени пазари на територијата на Скопје и Тетово, запленети се вкупно 113 килограми режан тутун и 415 кутии цигари.*

*На Граничниот премин Ќафасан, при контрола на македонски автомобил управуван од македонски државјанин, царинските службеници открија 100 килограми ароматизиран тутун за наргиле, дел во багажникот во просторот за резервна гума покриен со облека, а дел во ќеси од храна за кучиња сместени под возачкото и пред совозачкото седиште покриени со облека.*





*На Меѓународниот аеродром „Скопје“ кај македонска државјанка – патник на линијата за Копенхаген, при контрола на чекираниот багаж, откриени се 197 штеки цигари со македонски акцизни маркички.*

## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ОБЛЕКА, МОДНИ ДОДАТОЦИ, ТЕКСТИЛНИ ПРОИЗВОДИ И РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ



Во 2020 година спречени се 13 обиди на шверц на 2.332 готови текстилни производи и модни додатоци.

*На Граничниот премин Табановце автопат, при контрола на патничко комбе со македонски регистарски таблички, управувано од македонски државјанин, пронајдени се 139 парчиња спортска облека (шорцеви, маици со кратки ракави, тренерки и дуксери).*

*На влез во државата на Граничниот премин Богородица при контрола на словенечки камион, управуван од босански државјанин, откриени се непријавени 18 женски крзнени бунди, во кабината на камионот сместени во ќеси во преградите и на горниот кревет.*





*На Меѓународниот аеродром „Скопје“, при контрола на 2 картонски пакети во сопственост на турски државјанин кој допатувал со лет од Истанбул пронајдени се 283 парчиња ХТЗ опрема (ракавици, шлемови, чевли и елеци).*

*На влез во државата, на Граничниот премин Богородица, при контрола на албански камион со стока од Турција наменета за увозник од Албанија, пронајдени се 480 пара спортски обувки со ознаки на заштитени трговски марки за кои постои сомневање дека повредуваат права од интелектуална сопственост*



## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО КОЗМЕТИКА, ПАРФЕМИ, СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА

Во 2020 година спречени е 4 обиди на шверц на 1.239 парчиња козметика, парфеми и средства за хигиена.

*На Граничниот премин Богородица, при контрола на патничко моторно возило со македонски регистарски таблички, управувано од македонски државјанин, пронајдени се вкупно 669 парчиња производи за нега на коса (боја, бланш, серум и маска).*



## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ДРУГИ ВИДОВИ СТОКА



Во 2020 година се спречени 27 обиди на шверц на 8.306 парчиња разна стока.

*На Граничниот премин Блаце, при контрола на автомобил со македонски регистарски таблички, управуван од македонски државјанин, во багажниот простор кај резервната гума и во внатрешноста на возилото, откриени се 250 паметни часовници „Intelligence Healh Bracelet“ и 150 слушалки „i7 Mini“*



*При контрола на патни торби на македонски државјанин кој допатувал со лет од Истанбул откриени се непријавени 26 рачни часовници и 2 сета часовник со синџирче.*



*На Меѓународниот Аеродром „Скопје“ при контрола на багажот на британски државјанин кој допатувал со лет од Истанбул, откриени се 49 парчиња женски накит (синџирчиња, белегзии, обетки, прстени, плочки и брош) и 1 ќесичка со циркони.а*



*На влез во државата на Граничниот премин Деве Баир, при контрола на бугарски влекач управуван од македонски државјанин, од страна на мобилните царински тимови пронајдени се непријавени пиротехнички средства – 660 петарди и 36 огномети, во преносен фрижидер во кабината на возилото.*



## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА НА АКЦИЗНИ СТОКИ ВО ВНАТРЕШЕН ПРОМЕТ

*Од страна на полициски службеници од СВР Велес, при контрола на македонско патничко комбе управувано од македонски државјанин, откриени се 480 литри домашна лозова ракија и 40 литри домашна мастика, кои се предадени на мобилните царински тимови за понатамошна постапка, поради тоа што лицето не е регистрирано како земјоделец – мал производител на алкохолни пијалоци.*

## VII.4.2. ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во 2020 година во 26 акции привремено се задржани 69.520 парчиња стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по оваа основа, доминира Турција со околу 90% и НР Кина со 7%.

Вид на стока задржана поради сомневање дека повредува интелектуална сопственост




## VII.4.3.КОНТРОЛА ПРИ ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКА

При непосредна царинска контрола откени се 26.621 случаи каде се поднесени несоодветни документи, неусогласеност со мерките на трговската политика (невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи). На тој начин увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 497.68 милиони денари на име увозни давачки.

## VII.4.4. ПРИЈАВЕНИ ДЕВИЗИ

На граничните премини пријавени се вкупно парични средства во противвредност на 6.054.194 евра, сите на влез во Република Северна Македонија. Во просек се пријавени по 504.516 евра месечно.

Од вкупно пријавените девизи, 4.598.540 се евра, 50.812.000 се македонски денари, 347.870 се швајцарски франци, 254.900 се американски долари, 77.000 се британски фунти, 217.000 се дански круни и 6.000 се канадски долари.

Најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Блаце (43.88%), ЦИ Аеродром Скопје (19.82%) и ЦИ Богородица (14.28%).

## VII.4.5. РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.

При 111 контроли на трговски друштва откриени се 31 случај на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од околу 27,12 милиони денари и 8 случаи на непридржување кон царинските прописи.

При извршени 5 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво не се откриени обиди за барање на поврат на акциза во поголем износ од законски пропишаниот.

При извршени 46 контроли на иматели на акцизни дозволи или одобренија и на трговци на големо и мало со минерални масла, како и по основа на завршување на претходни контроли, откриени се 23 случаи на помалку платена акциза во износ од околу 371,03 милиони денари и се утврдени 4 акцизни прекршоци.

## VII.4.6. ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ

На име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ Царинската управа донесе 1.680 решенија во вкупен износ од околу 435,10 милиони денари, од кои:

**2020**

- несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки: 128 решенија (наплата на 13,12 милиони денари);
- декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот: 5 решенија (наплата на 0,53 милиони денари);
- невалидни докази за преференцијално потекло врз основа на проверка во царинските служби на извозникот на стоката: 153 решенија (наплата на 14,67 милиони денари);
- други основи: 409 решенија (наплата на 29,84 милиони денари) и
- непочитување на акцизната регулатива: 985 решенија (наплата на 376,94 милиони денари).

## VII.4.7. КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ

| 2020 | 2019 |
|---|---|
| Поднесени се 24 кривични пријави против 28 физички и 12 правни лица. | Поднесени се 46 кривични пријави против 50 физички и 19 правни лица. |

## VII.4.8. ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ

| 2020 | 2019 |
|---|---|
| 358 прекршочни пријави против 242 физички и 116 на правни лица. | 825 прекршочни пријави против 412 физички и 413 на правни лица. |
| Решени се 689 прекршочни предмети и изречена е глоба од 10 милиони денари. | Решени се 969 прекршочни предмети и изречена е глоба од 26 милиони денари. |
| Изречени се 2.323 мандатни казни против 499 физички лица, 912 на одговорни лица во правни лица и 912 на правни лица, со казни во износ од 13,97 милиони денари. | Изречени се 3.465 мандатни казни против 723 физички лица, 1.371 на одговорни лица во правни лица и 1.371 на правни лица, со казни во износ од 56,7 милиони денари. |

# VIII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## VIII.1. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Транспарентноста на една институција е клучна при воспоставувањето на добри односи со сите целни групи и градење на поволен публицитет, добар институционален имиџ и спречување или решавање на несакани појави. Во таа насока во 2020 година редовно се објавуваа соопштенија за активностите на Царинската управа, воведените новитети во царинското работење, како и за откриена непријавена и фалсификувана стока и царински измами.

### VIII.1.1.ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ

**ОДБЕЛЕЖАН 26 ЈАНУАРИ**
**Меѓународниот ден на царината – под слоганот „Царина се грижи за одржливост на граѓаните, просперитетот и планетата“**



По овој повод Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, традиционално додели благодарници од Кунио Микурија, генерален секретар на СЦО на лица, институции и организации, кои со своите активности и заслуги се издвојуваат со проактивното делување за обезбедување на одржлив напредок за граѓаните, општеството и планетата. Како признание за максималната посветеност и ангажираност благодарница примија и царинските службеници, кои посебно се истакнаа со дадената поддршка при примената на Новиот систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) и промената кон дигитална трансформација.

**28 ГОДИНИ ЦАРИНСКА УПРАВА**




На 14-ти април се одбележаа 28 години самостојност на Царинската управа, стекнат суверенитет и контрола врз царинското подрачје на Република Северна Македонија. Поради немање можност Денот на Царинската управа да се прослави на традицинален начин, изминатата година истиот беше одбележан со видео обраќање на директорт, кој ги истакна остварените резултати. Исто така празникот на царинските службеници им го честитаа и Министерката за финансии и Генералниот секретар на Светската царинска организација, Кунио Микурија.
По повод царинскиот празник, вработените од Царинската управа несебично донираа средства како дел од хуманитарната акција која се спроведува секоја година. Во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија од собраните парични средства во износ од 111,400.00 денари, беа донирани 50 пакети со прехрамбени производи на стари и изнемоштени лица.

## ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН БЕЛАНОВЦЕ-СТАНЧИЌ



Официјално е пуштен во употреба граничниот премин Белановце-Станчиќ, којшто ги поврзува регионите на Куманово и Гњилане во Косово. Преминот овозможува поврзување на граѓаните од соседните општини од двете држави и се очекува да ја подобри бизнис комуникацијата и трговската размена.
Граничниот премин е изграден со средства од ЕУ, преку ИПА програмата. Објектот чини 1,2 милиони евра, обезбедени од ЕУ со поддршка на државата од 10 проценти. Изградбата на патот од село Слупчане до граничниот премин Белановце во должина од 15 километри е финансиран од страна на државата и чини 6 милиони евра.

## ЦАРИНСКАТА УПРАВА СО НАЈВИСОКА ОЦЕНКА ВО ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2020 ГОДИНА




Царинската управа како дел од подготовките за влез на Република Северна Македонија во Европската Унија во континуитет воведува нови информатички системи поврзани со спроведување на царинските постапки.
Доказ за успешно преземените активности за олеснување на царинските постапки е и признанието кое Царинската управа го доби во овогодинешниот извештај на ЕК за напредок на Република Северна Македонија во пристапувањето кон ЕУ.
Поглавјето 29 – Царинска Унија ја има највисоката оценка која е дадена во овој извештај со заклучок дека Царинската управа има постигнато добар напредок во претходната година и одржува добро ниво на подготовка во делот на Царинската Унија.

Концептот дигитална царина е веќе реалност и е нотирано во самиот извештај на ЕК каде се констатира „Земјата заврши, примени и одржува нов електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)".

Во извештајот се истакнува и дека е воспоставен едношалтерски систем за контрола на границата со Србија („One Stop Shop") кој резултира со поуспешни стапки на откривање на нелегални прекугранични активности, а со тоа се зголемува безбедноста.

Кон добрата оценка за поглавјето 29, придонесоа и високата усогласеност на царинското законодавство со законодавството на ЕУ, воведувањето на концептот на Овластен економски оператор (OEO), подобрената меѓуинституционална соработка, учеството во меѓународни операции за борба против недозволена трговија со дрога, фалсификувана стока и лекови, акцизна стока, оружје, експлозиви, опасен отпад и хемикалии, диви животни и растенија, културни добра и борба против трговија со луѓе, и др.

## VIII.1.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### ДОНАЦИИ



Британска амбасада донираше нов софистициран рачен скенер за пребарување возила. Наменет за мобилните тимови како стандардно применувано средство во секојдневното оперативно работење.

Преку програмата EXBS на Амбасадата на САД, Царинската управа доби донација од заштитна опрема и техничка опрема која служи како надополнување во подобрувањето на капацитетите за системот за контрола.





Канцеларија на Обединетите Нации за дрога и криминал UNODC на Царинската управа ѝ донираше заштитната лична опрема со вредност од околу 5.000,00 американски долари наменета за униформираните службеници на Граничната полиција и Царинската управа за соодветна заштита при спроведувањето на редовните работни задачи на двете служби во услови на пандемија со Ковид 19.

### ОДРЖАНИ РАБОТНИ СОСТАНОЦИ



28.01.2020

Билатерален состанок со високи претставници на царината на Австрија на кој се презентираа детали за претстојните активности од новиот ИПА проект кој ќе биде фокусиран на поглавјата 16 – Оданочување и 29 – Царинска унија, а кој ќе се реализира со експертска помош на Австрија.

28.02.2020

Петти неформален регионален состанок на директорите на Царинските управи од Западен Балкан кој се одржа во Охрид со главна цел подготовка на заеднички пристап на царинските служби од регионот за унапредување на економската соработка и справување со проблемите во Западен Балкан.

03.03.2020

Работна посета на холандскиот амбасадор Дирк Јан Коп на која беше оддадено признание на Република Северна Македонија за напредокот постигнат во изминатиот период, а посебен осврт се даде на напредокот на Царинската управа на сите полиња, особено на полето на дигитализацијата и развој на информатичките системи кон постигнување на целосна бесхаритиена околина.

28.07.2020

Европската Унија и германското Федерално министерство за економска соработка реализираа виртуелен почетен состанок за нов проект „Поддршка на регионалната економска интеграција“ кој има за цел да ги зајакне трговските односи и понатамошното продлабочување на економската интеграција помеѓу страните на ЦЕФТА.

12.08.2020

Состанок со UNODC за информирање и договарање на заеднички активности во рамки на регионален проект за промовирање на владеењето на правото и добро управување преку насочени мерки за гранична контрола на пристаништа и аеродроми.

06.10.2020

Протоколарна средба меѓу директорот на Царинската управа со Ема Харпер, претставник на Британската Амбасада во Скопје, на која посебен акцент се стави на досегашната успешна соработка на македонската и британската Царина, како и идните планови за интензивирано делување за олеснување на транспортот и трговијата

27-28.10.2020

Во соработка со Економската комисија на Обединетите нации за Европа (UNECE) и Светска Банка, Царинската управа беше домаќин на Третата годишна конференција за Едношалтерски систем за размена на податоци во Западен Балкан каде беше дадена поддршка и признание на земјите од Западен Балкан за придвижување кон европската интеграција и приближување кон стандардите за дигитална размена на информации, во врска со справувањето со последиците од пандемијата со Ковид-19 врз трговијата и транспортот.

10.12.2020

Протоколарна средба меѓу директорот на Царинската управа со Георги Христов, бугарски конзул во Скопје, и Мартин Захариев, аташе. На средбата директорот ги претстави идните проекти и планови на Царинската управа за унапредување на инфраструктурата и осовременување на граничните премини кон Република Бугарија, со крајна цел олеснување на транспортот и трговијата.

## ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ПРЕТСЕДАВАШЕ СО ПОТКОМИТЕТОТ ЗА ЦАРИНА И ПОТЕКЛО ВО РАМКИТЕ НА ЦЕФТА

### АКТИВНОСТИ НА ЦЕФТА




**27.02.2020** Во рамки на ЦЕФТА конференцијата „Гледајќи station наназад движејќи се нанапред“одржана во февруари во Тиват, Црна Гора, во организација на GIZ, ЦЕФТА и Европската комисија, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, како панелист и претседавач на Поткомитетот за царина на ЦЕФТА ги презентираше постигнувањата на Царинската управа во областа на олеснувањето на трговијата и дигитализацијата.

**20.03.2020** На иницијатива на Царинската управа, преку видео-конференциска врска се одржа состанок на експерти – претставници на членките на ЦЕФТА, ЦЕФТА Секретаријатот, Советот за регионална соработка, Заедницата за транспорт, Генералниот директорат за проширување на ЕУ и Генералниот директорат за даноци и Царинска унија. Целта на состанокот беше обезбедување на слободен транзит во рамките на ЦЕФТА (воспоставување на т.н. „Зелени коридори“), особено на основните стоки – медицински материјали и средства и прехранбени продукти, соработка со агенциите вклучени во царинење на стоката, електронска размена на информации пред пристигнување на основните стоки помеѓу членките на ЦЕФТА и можно поврзување со земјите членки на ЕУ.



**14.05.2020** Одржан е 19-тиот состанок со ЦЕФТА Поткомитетот за царина и потекло на стоки за отпочнувањето на меѓународно признавање на сертификатот за Овластен економски оператор – ОЕО на ниво на ЦЕФТА. На состанокот е искажано и задоволството од брзото воспоставување и досегашното функционирање на „Зелените коридори“, а се дискутираше и за примена на истите коридори во иднина за стоки на овластените економски оператори и за расипливи стоки.

**07.07.2020** На одржаниот состанок врз основа на позитивните искуства и остварените очекувања, не само на царинските служби, туку и на сите чинители вклучени во меѓународната трговија, се заклучи дека воведените и функционални „Зелени коридори“ треба да останат во функција и во иднина, до завршувањето на пандемијата.




**22.09.2020** На официјаланата посета од страна на високи претставници на ЦЕФТА Секретаријатот, ЕУ Транспортната заедница и Советот за регионална соработка, беа презентирани успешно преземените мерки за олеснување на трговијата во услови на здравствена криза на граничниот премин Табановце.

**29.09.2020** Преку видео-конференциска врска се одржа консултативен состанок за договарање на активностите за дополнително олеснување на движењето на стока, што ќе бидат опфатени со следниот Повеќегодишен акциски план – Регионална економска област 2021-2024 (MAP REA 2021-2024)

**17.10.2020** Одржан е 20-от состанок на Поткомитетот за царина и правила на потекло на кој членовите на Поткомитетот – царинските администрации на ЦЕФТА страните се состанаа со цел да отворат расправа за примената на ревидираната Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила (PEM Convention), како и да ги разгледаат можностите за проширување на кумулацијата на потекло со измени на договорите за слободна трговија со Европската унија, Европската асоцијација за слободна трговија (EFTA) и Турција.

**05.11.2020** Состанок на министрите за економија на Берлински процес за Западен Балкан каде беа презентирани постигнатите резултати во рамките на Повеќегодишниот акциски план за Регионална економска област со посебен акцент во делот на прекугранична е-трговија.

**12.11.2020** Преку видео-конференциска врска одржан е Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија. Тој претставува највисок форум за дијалог и размена на искуство за постигнатиот напредок во областа на европските интеграции и усвојување на Acquis Communitaire.

**17.12.2020** Одржана е панел дискусија на конференцијата „Недела посветена на ЦЕФТА“ на која се даде осврт на сите активности преземени за справување со предизвиците од пандемијата со Ковид-19, со цел намалување на неизвесноста и опаѓањето на економските активности.

## VIII.1.3. ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

### ГРАНТ ОД ЈУЖНА КОРЕЈА ЗА МОДЕРНА ДИГИТАЛНА ЦАРИНСКА УПРАВА



На 02.06.2020 година започна проектот „Модернизација на Царинската управа на Република Северна Македонија“, кој беше финансиран од Владата на Јужна Кореја со цел да го поддржи градењето на капацитетите на македонската Царинска управа, особено во делот на брзите пратки, откривањето на нелегалните финансиски текови, како и анализа на ризик во е-Трговија.

### ДИРЕКТОРОТ НА ЦАРИНСКА УПРАВА НА СОСТАНОК СО ГЕНЕРАЛНИТЕ ДИРЕКТОРИ НА ЦАРИНСКИТЕ УПРАВИ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ

На 25.06.2020 година се одржа состанок на генералните директори на Светската царинска организација (СЦО). Во услови на пандемијата со Ковид-19, состанокот се одржаа преку видео-конференциска врска. На состанокот, по изнесените коментари на претседавачот на Советот и генерералниот секретар на СЦО, по скратена постапка беа прифатени предложените измени на Хармонизираниот систем – верзија 2022, што беа одобрени од Комитетот за хармонизиран систем. Одобрени беа и препораките од 103-та седница на Комисијата за финансии, а потврдено беше и продолжувањето на мандатите за одредени раководни позиции на работните тела на Советот и беа прифатени номинациите за работните структури одговорни за прашања во домен на политика, ревизија и финансии.

### ШЕСТИ ГОДИШЕН СОСТАНОК И ПЕТТИ ТЕХНИЧКИ СОСТАНОК НА ГРУПАТА АЕРОДРОМИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

На 13.11.2020 година во рамки на групата за соработка на аеродромите во Југоисточна Европа (CGSEEA) се одржаа шестиот годишен состанок и петтиот по ред техничкиот состанок. CGSEEA е формирана по предлог на Групата Аеродроми на „Pompidou Group's Airports Group“ со цел да развива регионални активности кои би биле наменети за специфичните потреби на аеродромите во Југоисточна Европа.

## 137 СОСТАНОК НА СОВЕТОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ КОИ ЧЛЕНУВААТ ВО СВЕТСКАТА ЦАРИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

На 10.12.2020 година се одржа вонредниот 137-ми виртуелен состанок на Советот на директори на царински служби на кој се разгледуваа прашања од повеќе теми и се определија насоки за идните активности. На состанокот се расправаше за извештаите на различните комитети на СЦО кои подлежат на одобрување од страна на советот.

## VIII.1.4. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

**17.09.2020** Одржан работен состанок меѓу претставници на Царинската управа и вицепремиерот за европски прашања Никола Димитров – Секретаријат за европски прашања.

**24.09.2020** Одржана презентација/ обука на вработените од Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ), за новиот модул РАВИО кој беше развиен во рамките на ЕХИМ системот и служи за автоматско следење и стопирање на лицата кои се обидуваат да излезат преку аеродромите од државата, а кои во случајот имаат решение за изолација. Овој модул е развиен согласно потребите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, а во тесна соработка со Царинската управа.

**19.11.2020** Одржано онлајн предавање за студенти од 3-та година на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип од страна на директорот на Царинската управа.

**07.12.2020** Одржан 5-от состанок на Националниот комитет за олеснување на трговијата на кој беше најавено воведувањето на целосно бесхартиена околина за сите царински постапки.

**09.12.2020** Преку видео-конференциска врска беше одржан првиот состанок на Управувачкиот комитет на проектот за развој и имплементација на новиот Национален едношалтерски систем (NSW) со кој претседаваше вицепремиерот за економски прашања Фатмир Битиќи. Царинската управа е главен носител и координатор на активностите во овој проект, кој се реализира како компонента во рамките од Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, финансиран со заем од Светска банка.

**16.12.2020** Преку онлајн платформа претставници од институцијата учествуваа на јавната расправа на тема „Стратегија за реформа на даночниот систем 2021-2024“, во организација на Министерството за финансии. Институците на РСМ кои придонесоа за изготвување на Стратегијата и ќе бидат вклучени во нејзината имплементација се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Управата за финансиско разузнавање и Управата за финансиска полиција.

**18.12.2020** Директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски, одржа онлајн предавање на студентите при Универзитетот „Мајка Тереза“ со цел запознавање со новините кои Царинската управа ги воведува во работните процеси. Предавањата кои се одржуваат на студентите од високообразовни институции се дел од заедничките активности пропишани во меморандумите за соработка преку кои се одржува симбиозата од науката и праксата.

### VIII.1.5. СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

Во насока на зајакнување на соработката со деловната заедница, што е клучен фактор за градење на доверба, промовирање на доброто владеење и забрзувањето и поедноставувањето на царинските постапки беа одржани повеќе средби.




**06.02.2020** Директорот на Царинската управа оствари работна посета на Општина Делчево, град на граница со земја членка на ЕУ, со цел да ги запознае стопанствениците со новините во царинското работење кои се насочени кон олеснување на прекуграничното движење на луѓе и стоки. При посетата на компаниите „Крзно ДООЕЛ“, компанија за производство на работна облека и „Алпи Ком“, компанија која се занимава со производство на фурнир и мелени елементи од фурнир се изврши презентација на работните производствени процеси и се разговараше за тековните состојби и бизнис климата во државата.

**18.02.2020** Директорот на Царинската управа оствари посета на фабриката за автомобилски делови „Теламон“ која важи за една од најголемите компании во САД, со седиште за Европа во Република Северна Македонија. На средбата акцентот беше ставен на понатамошното поедноставување на царинските постапки и почетокот на примена на локалното царинење во кругот на фабриката.

**19.03.2020** Во Министерството за економија беше одржана средба помеѓу претставници од Министерството за финансии, Царинската управа, Државениот пазарен инспекторат и производителите од прехранбената индустрија.

**19.03.2020** Директорот на Царинската управа присуствуваше на средба со најголемите извозници од државата кои беа директно засегнати од новонастаната ситуација во врска со вирусот Ковид-19, а која се одржа во просториите на Стопанската комора.

**26.06.2020** Одржан онлајн состанок со советодавното тело при Царинската управа за проектите кои претстојат. Претставниците беа информирани за понатамошниот развој на системот на дигитална царина и е-царина, развојот на нов едношалтерски систем – EXIM и следните планови за натамошна модернизација и дигитализација на работењето на Царинската управа.

**01.10.2020** Директорот на Царинска управа присуствуваше на традиционалната средба со превозниците која помина во фокусот на предизвиците и последиците од пандемијата со Ковид-19. Директорот на Царинската управа ја истакна важноста и на меѓусебната соработка со сите органи и Министерства во Владата на Република Северна Македонија, каде се направија исклучителни напори за одржување на економската активност со цел границите во регионот да останат отворени во време на корона кризата.

**26.11.2020** Директорот на Царинската управа официјално го отвори вториот ден на конференцијата за е-трговијата. Акцентот беше ставен на прекуграничната е-трговија и на заедничкиот регионален пазар, со што на нашата земја ќе ѝ биде отварен патот кон продлабочување на регионалната економска интеграција и ЕУ пазарот во иднина.

**03.12.2020** Во рамките на своите редовни активности за интензивирање на контактите со бизнис секторот во Република Северна Македонија, директорот на Царинската управа оствари работна посета на „Техникал Текстајл“, „Гранд Текс ЛТД“, и „Биорејсер – М“. Целта на посетата беше запознавање со работните процеси на компаниите, а се дискутираше и за тековните состојби и бизнис климата во државата.

**06.12.2020** Директорот на Царинската управа заедно со Фатмир Битиќи, вицепремиер задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, и Константин Георгиески, градоначалник на Општина Охрид оствари работни посети на компаниите „АСП-ПАК“, „ЛТХ – Леарница“ и „Костал“ од Охрид. Целта на посетата на компаниите беше запознавање со нивните работни процеси, запознавање на претставниците на компаниите со идните проекти на Владата и Царинската управа, како и можностите на примена на поедноставени царински постапки.

**14.12.2020**– Во организација на Стопанската комора на Македонија, а во насока на продолжување на промоцијата на работниот материјал под мотото „За посилна македонска економија во периодот на пост-Ковид-19“ на граничниот премин Табановце се одржа прес-конференција на тема „Приоритетни чекори за поттикнување на економската активност и раст на извозот“. Царинската управа како докажан партнер на деловната заедницата во текот на целата измината година вложи напори да го олесни извозот на економските оператори и да овозможи непречен транзит на стоките.



## VIII.2. ОТВОРЕНА ЦАРИНСКА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА (197)




„А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа.
„Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа.
„С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
„Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за корумптивно и непрофесионално работење на царинските работници.

ИЗДАВАЧ:
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ 13, 1000 СКОПЈЕ
www.customs.gov.mk

ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ:
ГРАФО ПРОМ - БИТОЛА

ТИРАЖ: 70



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЦАРИНСКА УПРАВА

ЦАРИНА • CUSTOMS